**20200891341**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот на важење на лиценца за проектирање на градби од прва и втора категорија, лиценца за ревизија на проектна документација за градби од прва и втора категорија, лиценца за изведувач на градби од прва и втора категорија, лиценца за надзор над изградба на градби од прва и втора категорија, лиценца за управител на градба, лиценца за управител на одржување на објекти од прва и втора категорија, овластување за изработка на проектна документација за градби од прва и втора категорија, овластување за ревизија на проектна документација за градби од прва и втора категорија, овластување за инженер за изведба на градби од прва и втора категорија, овластување за надзорен инженер за градби од прва и втора категорија, чиј рок на важење е истечен за време на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Важноста на лиценца за проектирање на градби од прва и втора категорија, лиценца за ревизија на проектна документација за градби од прва и втора категорија, лиценца за изведувач на градби од прва и втора категорија, лиценца за надзор над изградба на градби од прва и втора категорија, лиценца за управител на градба, лиценца за управител на одржување на објекти од прва и втора категорија, овластување за изработка на проектна документација за градби од прва и втора категорија, овластување за ревизија на проектна документација за градби од прва и втора категорија, овластување за инженер за изведба на градби од прва и втора категорија, овластување за надзорен инженер за градби од прва и втора категорија, чиј рок на важење е истечен, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба, како и 60 дена од денот на престанок на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2764/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.